Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 09-7884/2
24.11.2025 година
Ш т и п

Врз основа точка 1 од Решението за формирање на комисија за доделување локации за изнајмување на монтажно–демонтажни објекти во Општина Штип по повод новогодишните и божиќните празници за 2025/2026 година број 09-7884/1 од 24.11.2025 година, а во врска со Програмата за одбележување на новогодишните и божиќните празници 2025/2026 година, се распишува:

# Јавен повик
# за изнајмување монтажно–демонтажни објекти во Општина Штип
# по повод новогодишните и божиќните празници за 2025/2026 година

## I
## Општи одредби

Се распишува Јавен повик за изнајмување на монтажно–демонтажни објекти во Општина Штип по повод новогодишните и божиќните празници за 2025/2026 година на локација – "Пешачка зона - улица Едносмерна " во централното градско подрачје во Општина Штип.

## II
## Право на учество

Право на учество на јавниот повик имаат сите правни и физички лица кои се заинтересирани за изнајмување на монтажно–демонтажни објекти (продажен штанд) на локациии за поставување кои ќе бидат одредени од страна на Комисијата за доделување локации за изнајмување на монтажно–демонтажни објекти во Општина Штип по повод новогодишните и божиќните празници за 2025/2026 година, бр.09-7884/1 од 24.11.2025 година.

## III
## Временска рамка и цена

Изнајмувањето на монтажно–демонтажните објекти ќе се врши за периодот од 05 декември 2025 година до 31 декември 2025 година, со можност за продолжување.

Цената за изнајмување ќе биде утврдена во Договорот склучен со избраните субјекти.

## IV
## Основни организациски критериуми

- Посебни услови за продажба на храна

  Доколку пријавата се однесува на изнајмување продажен штанд за подготовка и продажба на храна, учесникот е должен да постапува согласно Законот за безбедност на храната и сите пропишани стандарди и процедури.
- Намена на штандовите

Штандовите можат да се користат за продажба на:

- ✓ пијалоци,
- ✓ храна и топли напитоци,
- ✓ новогодишни украси и подароци,
- ✓ ракотворби,
- ✓ играчки,
- ✓ облека и други пригодни производи.
- ✓

- Работно време

Поставените објекти можат да работат секој ден, во периодот од 10:00 до 22:00 часот.

**V**

**Потребна документација која заинтересиран субјект треба да ја достави кон Пријавата**

Покрај пријавата која што треба да биде пополнета, потпишана од надлежното лице и заверена со печат на (ако е правно лице ) треба да ги достави следниве прилози:

- Тековна состојба од Централен Регистар (за правни лица); и
- Копија од лична карта (за физички лица).

**VI**

**Начин на спроведување на јавниот повик**

За спроведување на Јавниот повик Градоначалникот со Решение формира Комисија за доделување локации за изнајмување на монтажно–демонтажни објекти во Општина Штип по повод новогодишните и божиќните празници за 2025/2026 година.

Комисијата е должна да изврши увид во пристигнатите пријави и врз основа на критериумите дефинирани согласно Јавниот повик да достави предлог до Градоначалникот за склучување на договор со избраните субјекти.

**VII**

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Рок за поднесување на пријавите е 4 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

Пријавата и останатата потребна документација субјектот треба да ја достави до архивата на Општина Штип, ул.Васил Главинов бр.4Б, 2000 Штип во затворен плик на кој пишува **“Не отварај “со назнака: -(Пријава за јавен повик за изнајмување на монтажно–демонтажни објекти во Општина Штип по повод новогодишните и божиќните празници за 2025/2026 година)**, во периодот од 07:30-15:30 часот.

**Општината Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Изготвил:Маријана Зенделова*
*Одобрил:Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*